**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија врз основа на член 36 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија (Службен весник РСМ бр. 42/20), објавува

# О Г Л А С
## за избор на

I

1. Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Штип

II

1. Двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Битола
2. Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Велес
3. Двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Гевгелија
4. Тројца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Гостивар
5. Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Дебар
6. Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Делчево
7. Тројца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Кичево
8. Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Крива Паланка
9. Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Кочани
10. Двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Куманово
11. Двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Охрид
12. Двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Прилеп
13. Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Ресен
14. Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Свети Николе
15. Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Струга
16. Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Струмица
17. Шест јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Тетово

III

1. Четири јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција - Скопје

Сите кандидати за избор на јавни обвинители освен условите предвидени во чл.61, како посебен услов од чл.62 од Законот за јавно обвинителство (Сл весник на РСМ бр. 42/20), потребно е да исполнуваат:

1. Кандидатите за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителсво, потребно е како посебен услов да имаат работно искуство од најмалку шест години стаж како јавен обвинител до моментот на пријавување за именување и кои се оценети со позитивна оценка во последните две години.
2. За јавен обвинител во Основното јавно обвинителство може да биде избрано лице кое има завршено обука утврдена со Законот за Академија за судии и јавни обвинители.
3. Кандидатите за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција потребно е како посебен услов да имаат непрекинат работен стаж од најмалку четири години како јавен обвинител до моментот на пријавување за именување и кој е оценет со позитивна оценка во последните две години.

Заинтересираните кандидати пријавите заедно со потребната документација, во оригинал или заверена фотокопија на нотар, уверение за државјанство и лекарско уверение (двете да не се постари од шест месеци од денот на нивното издавање), доказ за работен стаж, диплома или уверение за завршен Правен факултет и потврда за положен правосуден испит и уверение за завршена обука утврдена со Законот за Академија за судии и јавни обвинители во оригинал или заверено на нотар, да ги достават до Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија на ул. "Кеј Димитар Влахов"бр.4, V спрат во рок од 15 дена од објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".

Приемот на документи е секој работен ден од 09:00 до 15:00 часот
Некомплетните документи нема да се разгледуваат.

Бр. 08-70/1
Скопје, 02.03.2022 година

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Антонио Јолевски**